Архивски број: 08-146/6
17-05-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-146 од 04.03.2022 година, поднесена од [redacted] преку полномошник [redacted] против [redacted], за сторена дискриминација врз етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на бугарската етничка заедница, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 17.05.2022 години, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност сторено од [redacted], врз бугарската етничка заедница во областа на јавно информирање и медиуми.

## Образложение

На 04.03.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] преку полномошник [redacted] против [redacted] за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност, во областа на јавно информирање и медиуми врз бугарската етничка заедница.

Во поднесената претставка е наведено дека [redacted] во неколку наврати, на социјалните мрежи објавил вознемирувачки содржини преку авторски текстови и видео записи со кој поттикнал вознемирувачки коментари од подбивачки карактер спрема граѓаните на Република Северна Македонија кои се чувствуваат за бугари, како и спрема Република Бугарија и бугарскиот народ.
Во претставката се наведени три објави на социјалната мрежа Facebook, од профилот на [redacted] Во продолжение се наведени оние објави кои Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги ценеше како релевантни за носење на мислењето.

Првата објава е од 02.02.2022 година на која напишал:

„Ви честитаме од срце на успехот. Е на ова поле делиме заедничка историја. На некој начин и ние помогнавме за вашиот висок пласман. Не беше многу одамна.“ Во продолжение објавил фотографија со наслов „Българките в топ 10 по курваръак“.
Текстот и фотографијата се достапни на следниот URL линк: https://www.facebook.com/photo/?fbid=10159739890672180&set=a.10155329909222180.

Подносителот во претставката навел аудио – визуелен запис од Youtube каналот на [redacted] „COMEDIA MACEDONIA“ со наслов „ЕДНО Б'ЛГАРСКО НАЦИ, ВО Г..Е ДА МЕ БАЦИ“, достапно на следниот URL линк: https://www.youtube.com/watch?v=junjXgtIuXk.
Во содржината на аудио – визуелниот запис се истакнати следниве тврдења: бугарите го мразат македонскиот народ, во Втората светска војна бугарите го мачеле македонскиот народ, македонските евреи ги собирале и депортирале во логорите на смртта во Германија и Полска. Се наведува дека бугарскиот народ издавал пасоши за дебели суми пари, како и тоа дека претставниците на бугарската власт имаат геноцидни и територијални претензии кон Македонија.

Во претставката се цитирани изјави на [redacted]д гостувањето во емисијата [redacted] на 21.02.2022 година, достапно на каналот со име [redacted] на следниот URL линк: https://www.youtube.com/watch?v=nlz09v-1hGk.
Во 25:20 минута од видео записот изјавил: „...И они на тоа се вадат, а што мислите зошто они тоа го измислиле пред години, години...го измислиле заради нивниот ген – империјалистички, да не употребувам некој посложен, потежок збор...“.
Во 26:30 минута од истиот видео запис [redacted] констатира за бугарскиот народ: „Они се словенизирани азијати – монголи...“.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 07.03.2022 година испрати Известување бр. 08-146/3 за произнесување по наводите од претставката до [redacted].
Од причина што потенцијалниот дискриминатор не се произнесе во законски предвидениот рок, Комисијата на 28.03.2022 година испрати барање за доставување информации до Единица за економски и компјутерски криминал – СВР Скопје. Со дописот беше побарано да се испита веродостојноста на горенаведените содржини. Во одговорот на барањето беше наведено дека по извршените проверки биле детектирани секоја од наведените објави. Објавените видеа, текстови, статуси на социјалната платформа Facebook и интернет страната за споделување видеа Youtube беа документирани, при што службениот материјал беше доставен до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при увид во приложените докази, и покрај барањето на подносителот за утврдување на дискриминација, во конкретниот случај дејствијата на [redacted] ги квалификува како вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација.

Согласно своите законски надлежности, имајќи ги предвид фактите на случајот и содржината на приложените објави, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот, констатирајќи дека се исполнети законските дефиниции за вознемирување од член 10, став 1 и законската дефиниција за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација од член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Од содржината на горенаведените објави на социјалните мрежи, аудио – визуелниот запис и цитираните изјави произлегува дека [redacted] сторил вознемирување кон група лица, врз основа на етничка припадност, со што ја исполнил законската дефиниција за вознемирување од член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

[redacted] откако ги објавил авторските текстови и видеа со вознемирувачка содржина, истите не ги отстранил и се' уште се достапни за пошироката јавност во медиумскиот простор. На тој начин предизвикал содржината од објавите понатаму да биде предмет на споделување, допаѓање и коментирање од страна на голем број корисници на социјалните мрежи. Со таквата активност ја исполнил законската дефиниција за повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација од член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа."*

Согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз бугарската етничка заедница во областа на јавно информирање и медиуми, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

# ПРЕПОРАКА

Се препорачува на [redacted] да ги избрше спорните содржини и да упати јавно извинување на својот Facebook профил и Youtube канал кон бугарската етничка заедница. Откако ќе објави јавно извинување, за тоа да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација препорачува лицето Сашо Тасевски во иднина да не објавува содржини кои повикуваат или поттикнуваат дискриминација, ниту содржини кои продуцираат вознемирувачка содржина.

Лицето на кое е упатена препораката е должно да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката.

Доколку [redacted] не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно своите надлежности од член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
17.05.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
м-р Кире Василев

Известител

Член на Комисијата
д-р Лимко Бејзаровски

Доставено до:

[redacted]